ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ „КРСТЕ П. МИСИРКОВ“ - ОРИЗАРИ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА

## 1.Подготовка за почетокот на учебната година:

Почетокот на оваа учебна година ќе го запаметиме по тоа што истата започна на 1 октомври поради Ковид пандемијата што го зафати целиот свет.

За успешно и навремено започнување на учебната 2020/2001 година и за нормално одвивање на наставата во ОУ„Крсте П. Мисирков” с. Оризари извршени се следните хигиенско - технички подготовки,како и извршени поправки и набавени материјали:

- Уредување на училишниот двор (тревните површини целосно уредени и проширени);
- Во училишниот двор засадени се украсни дрвца-Палми,како и 30 борчиња и декоративни цвекиња;
- За одржување на сето ова набавени се 2 прскалки, мотор за хидрофорот,црево за наводнување како и повеќе саксии;
- Доправени се тротоарите околу стариот преден дел на училиштето;
- Училиштето темелно е исчистено и уредено;
- При крајот на првото полугодие извршена е замена на старите врати во ентериерот на училиштето со нови медијапан (вкупно 19);
- Набавени се 11нови (бели) табли за потребите на изведување наставниот процес;(поставени се во училниците на приземјето )
- Реновирани се вкупно 40 клупи;
- За потребите на Хаус мајсторот набавена е една бор машинка;
- Во наставничката канцеларија старото бојлерче заменето е со ново протечно;
- Извршена е дезинфекција и дезинсекција на училиштето согласно добиените Протоколи од МОН ;
- И во подрачното училиште во с. Прибачево извршени се сите неопходни подготовки за почеток на учебната година;
- Перманентно се набавуваат делови за компјутерите (глувчиња, тастатури, кабли, монитори и др.),
- За потребите за изведување на онлајн наставата од неколку донатори на учениците кои не поседуваа компјутерска опрема им беа доделени интернет опрема (лап топи,таблети);и тоа 3 Лаптопи од Комерцијална Банка и 2 од ИНТ 6 Таблети од „Анфенол“и30000 денари од „Антура„
- Училиштето набави уште 11 лаптопи со ташни ,2 печатачи и 2 проектор;

ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com

Постојано се обезбедуваат неопходните материјални средства за изведување на наставата: креди, сунѓери, хартија, хамер, тонери, како и други канцелариски материјали и средства за чистење и одржување хигиената во училиштето.

**2. Реализирани проекти**:

.

Училиштето е вклучено во Еко-проектот поддржан од МОН и успешно ги реализира планираните активности, како и во проектот Зелен пакет-јуниор за одделенска настава. Наставниците од одделенска настава се вклучени во проектите „Јазична писменост“ и „Математика со размислување“ во почетните одделенија. Училиштето е вклучено во Проектите „Меѓуетничка интеграција во образованието“ (МИО) и „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ во реализација на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Училиште на 21 век ,носител на Проектот Британски совет ,МОН.Целта на овој Проект е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми,како и подобрување на дигиталните вештини на учениците,со помош на микробит уреди.

Од минатата учебна година, училиштето се вклучи во уште еден проект од ЕРАЗМУС + програмата, со наслов „Забавни дигитални часови“. Апликант партнер е основно училиште од Р. Турција, а учествуваат основни училишта од Р. Грција, Р. Романија и Р. Хрватска. Во проектот се вклучени наставници од одделенска настава и ученици од 8-10 годишна возраст. Планирани се обуки на наставници во сите земји учеснички и реализација на еден е-твининг проект. Проектот ќе трае две години.Третата обука беше одржана во Р.Турција-Ескишивир на која учествуваа Директорката на училиштето и две наставнички.

Пред две учебни години училиштето беше вклучено во Проектот „Фудбал во училишта“ во кој се вклучени учениците од одделенска настава (ученици од 2 до 5 одд), а го реализираше наставникот по ФЗО. Проектот го спроведува Фудбалската федерација на Македонија во соработка со Федерацијата на училишен спорт. Истиот се реализира во три фази и во истиот се вклучени 120 училишта со околу 15000 ученици.Но во ова полугодие поради Ковид пандемијата Проектот не е реализиран.Училиштето беше вклучено во Проектот Тимсс Р – природни науки и математика (Вклучени ученици од 5-а одд. и ученици од ПУ во С. Прибачево).

Оваа учебна година училиштето е вклучено во два Проекти и тоа: Пирлс (вклучени се учениците од 4 одд.)За таа цел формиран е Тим на ниво на училиште кој го сочинуваат 5 члена и тоа Директорот Соња Иванова,Психологот Евдокија Христиќ, наставник Голубина Василева и наставниците Киро и Милка Данилови.Другиот Проект е од Областа на Граганскот образование .За

реализација на истиот училишниот педагог Мирјанка Анастасова и наставникот по Граѓанско образование Стојка Савева ја следеа онлајн обуката што беше реализирана од Советникот при БРО Мика Илиева.Беше реализирана активноста со ученици“Уредување паркот во училишниот двор со цвекиња(хризантеми)и други видови цвекиња и украсни дрвца преку што учениците активно се вклучија во конкретна ученичка иницијатива за промена во училишниот двор.На тој начин кај учениците ќе се развива демократската култура.

**3. Грижа за здравјето на учениците:**

И покрај настанатата ситуација со Ковид 19 училиштето води перманентна грижа за здравјето на учениците како во училиштето(за учениците со физичко присуство) така и за учениците што ја следат наставата од далечина и тоа преку следните активности:

- Медицинскиот центар од Кочани ги врши редовните вакцинации за зголемување на имунитетот кај учениците според нивниот календар.
- Преку одделенските часови на Животни вештини и останатите наставни предмети реализирани се повеќе работилници од областа на здравственото воспитание, а со цел да се стекнат навики кај учениците како би се избегнале разни заразни заболувања.На пример:Лична хигиена,Разговор на тема: „Превентива и заштита од Ковид 19,“организирани работилници :„Кога сум болен ,болна“„Како да оздравам“„Мојата хигиена,моја одговорност“,„Што ме прави чист“,како и преку обработка на приказна со илустрација „Чистотата е половина здравје“.
- Перманентно се употребуваат средства за лична хигиена (течни сапуни, дезинфекциони средства и други средства за одржување на хигиената во сите училишни простории), по препорака на Републичкиот санитарен инспектор.
- Поради појава на „Ковид 19 “ пандемијата се зголеми хигиената во училиштетои во целост се почитуваат Протоколите добиени од МОН;
- Во рамките на Еко проектот беше организирана Работилница на тема „Здрава храна за детство без мана“, чија цел беше со приготвувањето на здрава храна да се развие свеста кај најмалите за користење и поволностите од здравата храна.
- Перманентно се води грижа за зачувување на забите кај учениците од страна на стручни лица;

ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com

**3. Организиран превоз на ученици:**

Поради Ковид пандемијата во ова полугодие не е реализиран организиран превоз за учениците од ПОУ во с.Прибачево.

**4. Организирани ученички екскурзии:**

Во текот на I$^{то}$ полугодие од учебната година не се реализирани ученички екскурзии,поради Ковид пандемијата. Планираните ќе се реализираат во текот на II$^{то}$ полугодие кон крајот на месец мај, согласно планирањата во Годишната програма за работа на училиштето,доколку наставата се реализира со физичко присуство и согласно добиените Упатства од МОН и БРО.

**5. Систематски - специјалистички прегледи на вработените**

Кај сите вработени (36) во училиштето на почетокот од учебната година извршен е санитарен преглед**.**

Исто така извршен е системетски преглед на сите вработени ,согласно зконот за Работни односи .Прегледот е извршен од страна на ПЗУ „Д-р А.Николов“ Штип.

**6. Активности на: Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор**

**Советот на родители** реализираше активности согласно својата Годишна програма и беа одржани две седници на советот. Се разгледуваше Годишната програма за работа на училиштето, се избираа нови членови во советот, како и претставници за училишен одбор, се дискутираа теми од важност за учениците и воспитно-образовниот процес.(изведување на онлајн наставата),Запознавање со Протоколите добиени од МОН како и Упатствата за скратените програми Добиени од БРО.

**Наставничкиот совет** ги одржа планираните работни седници во текот на I$^{то}$ полугодие од оваа учебна година. Одржани се вкупно 4 седници и на истите се разгледувани повеќе точки во врска со целокупната организација на воспитно – образовната дејност на училиштето. Поконкретни податоци за работата на овој највисок стручен орган можат да се согледаат од содржината на соодветните Записници. Сепак ќе ги наброиме следните содржини:

- Разгледани се добиени Укажувања од различни институции и тоа од МОН, Локалната самоуправа, Државниот просветен инспекторат, БРО и др;

- Разгледани се и измените и дополнувањата на одделни законски одредби за основното образование;
- Целосно се разгледани и применети Протоколите за Ковид 19 добиени од МОН и БРО;
- Упатства од БРО за изготвувања на планирањата(скратени програми);
- Известување од МОН за работа од дома
- Согласно со програмата Наставничкиот совет редовно ги разгледува и усвојува значајните документи за училиштето и тоа:
  Годишна програма, извештај за тромесечие, полугодишен извештај и др.

**Училишниот одбор** работеше согласно својата Програма за работа. Одржани се вкупно 4 работни состаноци. Од повеќето активности ќе ги наброиме следните:

- Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето,
- Целосно се разгледани Протоколите за Ковид 19 добиени од МОН и БРО;

- Разгледани и усвоени повеќе документи како:
- за начинот на спроведување на набавки од мала вредност, за планирање и организирање на училишни екскурзии, за пофалување, и наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците од ОУ.
- Разгледани документи за прием на нови работници на упразнети работни места и давање мислења по пристигнатите молби,
- Избор на нови членови на училишен одбор, донесување на одлуки за реализација на проекти
- Разгледување и усвојување на Финансиски план, Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето и др.

**7. Соработка со семејството** и родителите на учениците се одвиваше индивидуално и колективно. Индивидуално родителите доаѓаа по разни потреби кај одделенските раководители, директорот, психологот и училишниот педагог. Индивидуални разговори се водеа со родители чии деца (ученици) покажуваат слаб успех и беа недисциплинирани за време на наставата и надвор од неа, како и со родители чии ученици нередовно доаѓаа на училиште. (не се вклучуваа во онлајн наставата)

Според законските одредби во училиштето, психологот одржа едно советување, со по две средби, со родители чии што ученици имаа три и повеќе слаби оценки и повеќе со родители на 4 ученичка кои што нередовно ја следеа наставата од дома. На советувањето на родители на ученици што имаа три и повеќе слаби оценки беа присутни 7 родители Забележително е дека ова тромесечје бројот на оваа група ученици е намален во изминатите 5 години. Од

дискусијата со предметните наставници се дојде до заклучок дека не може да се одреди конкретно на што се должи овој намален број на ученици со три и повеќе слаби оценки. Причината е и во тенденцијата кај учениците да учат се помалку, намалено внимание за време на часовите и недисциплина. Истовремено може да се констатира и дека наставниците имаат заземено став да не го користат методот на мотивирање на учениците со тоа што ќе им стават повисока оценка.

Исто така им беше објаснета формалната регулатива за изрекување на педагошки мерки ,укор и усна опомена ,дека ги изрекува одделенскиот раководител.Родителите се изјаснија дека после оваа средба ќе разговараат со учениците со цел да ги мотивираат за поголем постигнат успех до крајот на полугодието.

Истите ученици после завршеното советување со родителите беа повикани на советување во две групи. Може да се констатира дека и самите ученици се свесни дека не учат и дека оценките им се реални.

Со родителите и наставниците се донесоа заклучоци и насоки на кој начин да им се помогне на учениците да се мотивираат повеќе и да посветуваат повеќе внимание на наставата и учењето.

Се реализираше и советување со родитеи на ученици кои што нередовно посетува настава и отсуствуваа од настава подолго од еден календарски месец. Истите ученици, односно нивните родители беа пријавени во ДПИ, кои понатаму преземаа соодветни мерки.

Колективната соработка се одвиваше преку (онлајн) родителски средби и на истите, родителите беа информирани за успехот и дисциплината кај учениците, исхраната, како и за осигурувањето на учениците, измените и дополнувањата на одделни законски одредби за основното образование,добиените Протоколи од МОН за Ковид пандемијата и др.

Во текот на I$^{то}$ полугодие се одржаа две општи родителски средби, со родителите на учениците од првите одделенија по три и повеќе средби.

Во однос на одредени прашања редовно се информирани за сите активности и настани во училиштето.

Поконкретни податоци за Точките на родителските средби можат да се согледаат од содржината на соодветните Записници што ги водата раководителите на паралелките после секоја одржана родителска средба..

## 8. Наставни средства

Училиштето постојано води грижа за набавка на нагледни средства. Но сеуште има потреба од истите по повеќе наставни предмети.Потребна е максимална искористеност на оние што постојат ,како и користење на природните ресурси што ги нуди нашата околина и окружувањето како целосно би го примениле Принципот на нагледност во наставата.

**9. Наставен кадар**

Вкупниот број на наставен кадар изнесува 33 (заедно со наставниците што дополнуваат часови од други училишта), стручни соработници 3 (училишен педагог, психолог и библиотекар) и 9 ненаставен кадар.

**10. Ученици**

Вкупниот број на ученици од **<u>прво до петто одделение изнесува 96 или помалку за 9 од истиот период(105) од минатата година.</u>** Од **<u>шесто до девето одд. бројот изнесува 108 или за 3 (111)помалку</u>** .Или **вкупно** од прво до деветто има **205 ученика** или **11 <u>ученика (216)се помалку во однос на истиот период од минатата учебна година.</u>**. Истите се распоредени во 18 чисти и една комбинирана паралелка од две одделенија (1 и 3) 4 ученика во подрачното училиште во с.Прибачево.

На крајот од 1-то полугодие поради промена на местото на живеење од училиштето испишани се два ученика, од 5 и 9 одд. ,а запишан е еден ученик во прво – а одд.

Поконкретни податоци за вкупниот број запишани ученици на крајот на првото полугодие по одделенија се прикажани во Прегледот од статистичкиот извештај.

**11. Резултати од реализацијата на воспитно-образовната дејност**

Во **прво одделение** запишани се вкупно 19 ученика во две чисти паралелка и 1 ученик запишан во ПОУ с.Прибачево во комбинирана паралелка. Сите ученици редовно ја посетуваа наставата со исклучок на еден ученик кој поради Ковид пандемијата беше оправдано отсутена,а повремено беа отсутни уште неколку ученици. Бројот на изостаноци може да се види од Статистичкиот известај. Нивниот успех и достигања по сите наставни предмети описно се следеше преку бројни инструменти што ги применуваа нивните наставници, а ги изготвуваа по претходно добиени сознанија односно едукација. Сите ученици се социјализирани и адаптирани на средината. Нивните постигања се прикажани преку сумативна оценка (евидентен лист) што е составен дел на портфолиото на секој ученик , или преведено по нивоа 11 ученици се на прво ниво и 9 ученика на второ ниво..Сите ученици ги знаат буквите,знаат да си го пишуваат своето име и презиме. Графомоториката е развиена кај сите. Во текот на првото полугодие од оваа учебна година сите ученици напредуваа

ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com

со повеќе сознанија од сите предмети предвидени со Планот и програмата за работа кои се солидно усвоени од нивна страна. Од минатата учебна година наставата по ФЗО ја изведуваат тандем наставници ( одделенскиот наставник и дополнителен наставник(асистент) по ФЗО).

Во паралелката 1-б наставничката беше подолго време на боледување, за што беше навремено обезбедено соодветна замена.

Во **второ одделение** има вкупно 14 ученик во две чисти паралелки. На почетокот од учебната година сите ученици ги препознаваа и пишуваа броевите. Наставниот план и програма во целост се реализирани. Преку реализацијата на наставните содржини преку целото полугодие забележан е напредок кај секој ученик, па на крај од првото полугодие сите ученици читаат течно и јасно,8 ученика се на прво ниво,три помеѓу прво и второ ниви и 3 на второ ниво.

Во **трето одделение** вкупниот број на ученици во централното училиште е 17 и три ученика во една комбинирана паралелка во ПУ с.Прибачево (вкупно 20). На почетокот од учебната година сите ученици собираа и одземаа во рамките на бројот 20 и читаа и пишуваа со кирилични букви. Преку реализацијата на наставните содржини во текот на I полугодие забележан е напредок кај секој ученик, па така 12 ученици достигнале високо ниво, 2 на второ ниво ,1 ученик помеѓу прво и второ ниво (средно ниво ) и 2 ученика на ниско (трето ) ниво. На крајот од првото полугодие скоро сите ученици (освен 2 се на ниско ниво) ги совладаа предвидените содржини по математика. Сите ученици читаат и на кирилично и на латинично писмо.

Сите ученици научија да собираат и одземаат броеви до 20 и повеќе.

Трите ученика од ПУ .с Прибачево имаат постигања на второ ниво.

**Во двете IV<sup>ТИ</sup> одд. и двете V<sup>ТИ</sup> одд.** има вкупно 42 ученика во четири чисти паралелки. Од минатата учебна година и овие ученици описно се оценуваат.Наставата се одвива од далечина Согласно Протоколите за КОВИД 19 . Во IV одд. од вкупно 25 ученика 16 се со високо ниво, 7 ученика се на средно ниво и 2 ученика на ниско ниво.

Во V одд. од вкупно 17 ученика, 11 постигнале високо ниво, 5 средно ниво и 1 ученик е на ниско ниво.

И во предметна настава, наставниот процес се изведуваше од далечина (онлајн) согласно Протоколите добиени од МОН И БРО .Има вкупно 108 ученика распоредени во 8 паралелки. Учениците од 6-то одд. описно се оценети. Од вкупно 26 ученика 14 постигнале високо ниво, 11 се на средно ниво и 1 е на ниско ниво. Учениците од третиот циклус 7, 8 и 9 –то одд. бројчано се оценети. Од нив 56 ученика се без слаби или со позитивен успех 64.71%, а останатите 29

ученика или 34,12 % се со една, две или три и повеќе слаби. Два ученика (1,85) од 7-б одд. не се оценети.Превземени се сите мерки од страна на училиштето (разговори и советувања со учениците и родителите(ППС) , изрекување на соодветни педагошки мерки , информирање на ДПИ.

Споредeн процентот на ученици со слаби оценки (34,12) во однос на минатата година во истиот период (16,67) е зголемен и тоа за 15 ученика или во проценти 17.45 %. Средниот успех на учениците од VII –IX одд. е 3,70 и спореден со успехот од минатата година 3.76, е намален за 0.06. Во предметна настава највисок успех постигнаа учениците од VIII (3,71), IX ( 3,70) и VII оод. со среден успех 3.69. Средниот успех на ниво на училиште е 3,70. Споредeн со минатата година во I[то] полугодие (3,76) е понизок за само 0.06.

За намалениот успех секако влијае и отсуството на физичкиот контакта на учениците со нивните наставници и одделенски раководители.

**Според полот постигнатиот успех е следниот:**

Од вкупниот број на одлични ученици 26 (21) се женски, а (5) се машки.Кај мн. Добрите од 25 (14) се женски, а (11) се машки. Добри се вкупно 18 (3) се женски и (15) машки. Доволни има само 1 машко. Со една слаба оценка се (1 машко ) ,со три и повеќе слаби се (4) од кои (1) женско и (3) машки. Од прикажаните резултати може да се види дека женските имаат постигнато повисоки резултати во однос на машките.

За учениците што имаат негативни оценки наставниците ќе продолжат и во текот на второто полугодие да изведуваат дополнителна настава, како би го надминале овој проблем, односно поправиле оценките. За учениците што имаат три и повеќе слаби оценки психологот на училиштето ќе организира советување за родителите и за учениците.

Еден од факторите за поголем и подобар успех во наставата е и редовноста на учениците. Состојбата со изостаноците ова полугодие е следнава:

Во текот на I [вото] полугодие учениците од I – V одд. имаат направено 285 оправдании и 10 неоправдани . Најредовни биле учениците од V одд.(0), I V (30), I одд. (56), II (39), и III (160) најмногу.

За прв пат во оваа учебна година во одделенска настава бројот на изостаноци (285)во однос на предметна настава е значително помал и изнесува 41оправдани и 27 неоправдани. **Вкупниот број изостаноци од I – IX одд. изнесува(363). Во однос на минатата година во истиот период (1050) значително е намален и тоа за 687. Бројот на неоправданите изостаноци е 37 поради нередовно вклучување во наставата на неколку ученика. Во однос на минатата година (63) бројот на неоправданите е намален за 36.** Во предметна настава скоро сите ученици биле редовни ,односно онлајн ја следеле наставата.Имаат направено само 41 оправдан изостанок (8 одд.9) и (9-то одд

ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com

32),како и 27 неоправдани во (9-то одд.) најредовни биле учениците од VI (0), VII (0). VIII одд. имаат (9), и најмногу). IX (32)

Што се однесува до неоправданите изостаноци I и III одд. имаат по (5) IX.(27) најмногу.

Просекот на оправдани изостаноци по ученик изнесува по 1.58, помалку за 3,28 од минатата година во прво полугодие (4.86), додека просекот на неоправдани изостаноци изнесува по 0.18. Во 2-ро полугодие очекуваме редовноста на учениците да се зголеми,односно 4-те ученици редовно да се вклучат во наставата од дома.што ќе претставува солидна основа за уште поголем и подобар успех во наставата. Изречени се усни и писмени педагошки мерки.Информиран е и ДПИ.

## 12. Друг вид на настава (додатна, дополнителна)

Од другите видови настава во текот на прво полугодие организирано е дополнителна и додатна настава. На часовите од дополнителната настава наставниците работеа со дел од учениците кај кои се јавуваа извесни тешкотии во совладувањето на дел од наставните содржини со согласност од родителот. Додатна настава се изведуваше по сите наставни предмети од IV – IX.

## 13. Слободни ученички активности

Во текот на ова полугодие поради Ковид Пандемијата училиштето не можеше во целост да ги спроведе планираните слободните ученички активности кои се застапени низ разновидни облици на слободно членување во многубројните секции.

Учениците членови на литературната секција го одбележаа 26 Септември Европскиот ден на јазиците,, Оваа активност преставува и дел од Проектот МИО.

Во рамките на „Месецот на книгата” членовите на литературната секција со свои лични творби ја посетија локалната Библиотека “ што го организира МБ „Искра“ Кочани.

По повод приемот на првачињата во ДОМ, во текот на Детската недела на ниво на училиште се организираше мала свеченост.

Постојано се уредуваат литературното катче и паноата со актуелни теми и содржини –литературни творби.

Членовите од ликовната секција активно работеа во текот на I$^{то}$ полугодие и учествуваа на сите Конкурси што беа доставувани до училиштето.

Исто така активно работеа со поголема активност по повод одбележувањето на Патрониот празник на училиштето, а во соработка со останатите секции во училиштето активно уредуваа изложби (за Патрониот празник)

На свечен начин се положи цвеќе пред Бистата на Патронот Крсте П.Мисирков.

По повод Новогодишните празници го уредија и украсија ентериерот на училиштето со што му беше даден посебен белег и убавина на училиштето. Исто така со различни уметнички содржини беше уреден и училишниот двор.За учениците од 1-3 одд. на свечен начин се организираше Средба со „Дедо мраз“кој им подари новогодишни пакетчиња (Донација од наш сограѓанин од Америка).

Во текот на полугодието сите секции од одделенска настава со физичко присуство континуирано ги уредуваа своите училници и учениците ги проширувaa своите знаења во зависност од тоа во која секција се вклучени. Посебно активни беа учениците од одделенска настава во рамките на Еко проектот кои реализираа повеќе активности пред сé околу чистење и естетско уредување на училишниот двор и паркот во училиштето.

**14. Мислење за исполнување на нормативите и условите за настава во прво одделение**

Успешната реализација на деветгодишното основно образование зависи и од обезбеденоста на соодветната опрема и наставни средства. Во училницата за прво одделение опремата со мебел задоволува. Недостасува лавабо, а во останатите катчиња потребно е обновување и збогатување со наставни средства, како на пример во музичкото катче потребни се различни детски музички инструменти, за истражувачкото катче недостасува полица за живи суштества и др. Пропишаната соодветна опрема и наставни средства треба да се обезбедат.

**15. Соработка со локалната самоуправа и другите институции во општината**

За училиштето особено е значајна извонредната соработка со Градоначалникот на општина Кочани, кој има разбирање за некои евентуални проблеми и во соработка со Советникот на одделението за јавни дејности секогаш се обидуваат да изнајдат начин за нивно разрешување.

Од Општина Кочани на 6 ученика од социјално загрозени семејства им беа доделени ранци и училишен прибор ,а само училишен прибор на 11 ученици.

Училиштето соработуваше со ФА „Љупчо Сантов” од Оризари. Ученици членови на ова друштво учествуваа на повеќе манифестации организирани во општината и пошироко.

Соработката на училиштето континуирано се одвиваше и со другите институции со одредени активности. МОН,ДПИ ,БРО, ООЦК . Училиштето оствaруваше контакти и со стручни лица од Општинскиот центар за социјални работи за поуспешно надминување на проблеми кај конкретени ученици.

Перманентна соработка училиштето остваруваше со основните и средни училишта како во општината така и пошироко.

## 16. Заклучоци и препораки

Во текот на II^то полугодие за да дојдеме до повисоки резултати, да се постигне повисок училишен успех и учениците да се стекнат со поквалитетни знаења ги даваме следните препораки :

- На ниво на Стручни активи,Наставнички совет,Совет на родители и Училишен одбор да се разгледа и анализира постигнатиот успех во I^то полугодие ;
- Наставниците, секој по својот предмет да го споредат средниот успех постигнат претходната година со успехот постигнат во истиот период во оваа учебна година и да се утврди дали постои драстична промена на критериумот во оценувањето и средниот успех по предмети, како и тоа на што се должи таквата промена, доколку постои; (како влијае учењето од дома,онлајн наставата како предизвик)
- Одделенските раководители заедно со учениците на одделенски час, а со родителите на родителска средба (онлајн) да го разгледаат успехот и да превземаат мерки и активности за подобрување на истиот;
- Да се одржи советување на родителите чии ученици имаат по три и повеќе слаби или покажуваат тенденција за намалување на општиот успех.
- Наставниците да одржуваат повеќе часови за дополнителна настава, посебно по оние наставни предмети каде што има поголем број на негативни оценки;
- Наставниците да продолжат со редовна изработка на тематските – процесни планирања и дневни подготовки во функција за секој наставен час;
- Наставниците што водат 4-то одд.да се ангажираат околу читањето со разбирање на содржините по македонски јазик за успешно реализирање на Проектот ПИРЛС.
- Подобрување на учењето преку квалитетно оценување на ученичките знаења, примена на формативното оценување (Почитување на Етичкиот кодекс на оценување), континуирана примена на стандардите за оценување;
- Организирање на интерактивни часови и со примена на креативните техники на учење за развој на креативното мислење кај учениците;

ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com

- Максимално да се користат постојните нагледни средства во наставниот процес;
- Наставниците да ги користат компјутерите во наставниот процес;
- Посебно да се води грижа за одржување на компјутерите;
- Постојано користење на стручната литература во училиштето;
- Целосно почитување на функционалниот Кодекс на однесување во училиштето, а во рамките на ова и доследно спроведување на дежурствата за време на одморите;
- Доследно почитување  на Протоколите и Упатствата  добиени од МОН ,БРО и ДПИ;
- Директорот, педагогот и психологот поединечно да разговараат со учениците кои имаат по три и повеќе слаби, како и со нивните родители;
- Ученичката заедница и Ученичкиот парламент поактивно да се вклучи во реализацијата на активностите предвидени со Годишната програма;
- Да продолжи соработката со Локалната самоуправа, Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието како и со другите институции;
- Да се продолжи со подобрувањето на просторните и материјалните услови за задоволување на потребите за реализација на наставата и работата во училиштето;

ОУ „Крсте П. Мисирков”- с. Оризари
Општина Кочани

**Директор**
**Соња Иванова**

____________________________

ОУ „Крсте П. Мисирков“-Оризари
тел. 033 294 597
ул. „Маршал Тито“ бр.20, 2302, Оризари
е-пошта: orizari_kpmisirkov@yahoo.com